| | |
|---|---|
| Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ | **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**УНИВЕРЗИТЕТ СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ**<br>**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ** |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на вардарски плански регион

# *СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА*

ДЕМИР КАПИЈА

2015-2020

**Скопје, Октомври 2014 година**

**СОДРЖИНА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ..... 5
1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 10
1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 10
1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ..... 17
1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ..... 17
1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО) ..... 18
1.3 СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ..... 21
1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ..... 21
2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ..... 24
3. КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 26
4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП ..... 27
4.1 СОСТОЈБА ВО ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 28
4.1.1 НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ – БИЗНИС СЕКТОР ..... 29
4.1.2 ПОТРЕБИ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 30
4.1.3 ОЦЕНКА НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ..... 31
4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ) ..... 35
4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ..... 36
4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР ..... 36
4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 37
5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ..... 38
5.1 СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 43
6. МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 44
6.1 МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА НА НИВО НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 45
6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС) ..... 47
6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ..... 47

7. SWOT АНАЛИЗА НА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА, ТУРИЗМОТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 48
7.1 SWOT- анализа на географската положба и поврзаност ..... 48
7.2 SWOT- анализа на природните атрактивности ..... 49
7.3 SWOT- анализа на културните атрактивности ..... 50
7.4 SWOT - анализа на рецептивните вредности ..... 50
7.5 SWOT-анализа на работна сила ..... 51
7.6 SWOT-анализа на инфраструктура и урбанизам ..... 52
8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ..... 53
8.1 ВИЗИЈА ..... 53
8.2 МИСИЈА ..... 53
8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ..... 53
9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ..... 54
10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 57
11. АКЦИСКИ ПЛАН ..... 58

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Методологијата за изработка на Стратегијата за локален економски развој за Општина Демир Капија ги следи: Генералната Методологија на изработка на Стратегиите за локален економски развој за седум општини од вардарскиот плански регион (Велес, Градско, Лозово, Кавадарци, Росоман, Неготино, Демир Капија), *Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа* подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, е усогласена со сите тековните релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локалниот економски развој за Општина Демир Капија ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Демир Капија.

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Демир Капија претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Демир Капија, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Демир Капија е комплексна и се однесува на одржливиот развој и функционирањето на општината и ги опфаќа сите битни прашања на локалната заедница, вклучувајќи и прашања од меѓусекторско значење (како на пример економски развој, социјална инклузија, заштита на животната средина итн.).

Стратегијата за локален економски развој ќе овозможи создавање на стопански амбиент кој ќе се базира на искористување и мобилизација на постојните ресурси во одделните општини, чија круцијална компонента е креирање визија и приоритетни насоки во функција на интегралниот локален економски развој.

Според првичните истражувања, спроведени специјално во функција на подготовката на Методологијата за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Демир Капија, покрај погоре наведеното, ќе биде потребно да се посвети посебно внимание на следните области:

- Развојот на земјоделството (грозје, овошје и градинарски култури, пиперка)
- Производството на вино
- Транзитниот, винскиот и алтернативниот туризам
- Производство на црвен пипер
- Развој на прехранбено - преработувачката индустрија
- Развојот на лесната незагадувачка индустрија
- Развојот на малите и средните претпријатија
- Развојот на сточарството, производство на месо, јајца, риба
- Производството на мед

### Причини за избор на наведените области

Без намера да се прејудицираат областите на идниот локален економски развој на територијата на Општина Демир Капија, а во функција на објаснување на претходно наведените можни области, по извршено прелиминарно експертско скенирање, утврдено е следното:

Местоположбата на Општина Демир Капија и дава широк спектар на можности за локален економски развој, а пред се можностите за транзитниот туризам (поради географската локација и патната инфраструктура), винскиот туризам (поради постоењето на грозје, вино и ракија со одличен квалитет, како и поради постоењето модерни и надалеку познати винарии), алтернативниот туризам (поради кањонот, многубројните историски локации, цркви, манастири, природните реткости), Демиркапискиот панаѓур, денот на лозарите Свети Трипун, а сето во контекст на здравата храна и традиционалното гостопримство.

Општина Демир Капија има одлични можности за развој на аграрот, поточно, за производството на грозје, пиперки, како и други култури. Покрај тоа, надалеку е познат квалитетот на демиркапискиот црвен пипер.

Чистите планински води нудат можности за производство на квалитетна конзумна риба.

Аграрот има перманентна поддршка од Владата на Република Македонија со обезбедување субвенции за производителите.

Општина Демир Капија располага со доволни ресурси, знаење и квалитетна работна сила за реализирање на насоките кои би се добиле од Стратегијата за локален економски развој.

### Принципи на процесот на стратешко планирање

Процесот на изготвување на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Демир Капија, со Акциски план, за периодот 2015-2020 година се заснова на следниве четири основни принципи:

- **Предлог на вредности.** Стратегијата и Акцискиот план треба да понудат предлог-мерки и активности кои ќе создаваат нова вредност, препознатлива од чинителите и објективно мерлива. Овие вредности треба да одат во насока на правење крупен, позитивен исчекор во развојот Општина Демир Капија.
- **Идентификација на клучните надлежности и способности.** Предлогот на вредности треба да е силно поддржан од соодветни способности и вештини на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности вградени во Стратегијата и Акцискиот план.
- **Посветеност на менаџментот на сите партнери-учесници во изработката и реализацијата на Стратегијата и Акцискиот план.** Идентификацијата на предлог-вредностите, поединечните надлежности и способности на секој од партнерите се основа на процесот на изготвување и реализација на Стратегијата и Акцискиот план, со

зацртани цели и идентификувани главни мерки и активности како истите да се реализираат. Но сето тоа не е возможно без огромна посветеност на лидерите и менаџментот на сите партнери-учесници во процесот.

- **Мерење на степенот на остварување на Стратегијата и Акцискиот план.** Значаен дел од Стратегијата и Акцискиот план ќе биде мерењето на напредокот во нивната реализација во однос на предвидената динамика. Ова е значајно, како заради добивањето на повратна информација на одговорните за реализација на самата стратегија во поглед на задржување на однапред планираните активности и нивната динамика, така и во поглед на тоа колку се достижни зацртаните цели и какви евентуални прилагодувања и измени на Стратегијата и Акцискиот план е потребно да се направат.
- **Примена на родовиот концепт.** При креирањето на Стратегијата, особено во делот кој се однесува на насоките и препораките за идниот економски развој, применет е родовиот концепт на креирање на локални политики. Со тоа, при трасирањето на идниот економски развој подеднакво се претирани жените и мажите.

Дополнително, процесот на изготвување на Стратегијата и Акцискиот план ги зеде предвид и се темелеше на:

- Партнерска вклученост на сите чинители во постапката на изработка на Стратегијата и Акцискиот план;
- Јасно дефинирани и релевантни цели;
- Одржливост на предвидените цели, мерки и активности;
- Остварливост на целите;
- Временско ограничување на мерките и активностите;
- Транспарентност на постапката.

**Основни активности на процесот на изготвување на Стратегијата**

Процесот на изготвување на Стратегијата и Акцискиот план се реализираше преку следниве структурирани активности:

- одржување координативен состанок со претставниците на Центарот за развој на вардарскиот плански регион, градоначалниците од општините за кои се изработуваат стратегиите и лицата вработени во одделите за локален економски развој
- прецизно определување на целните групи со соработка со одделните општини
- изработка на анкетни прашалници за одделните целни групи
- одржување работни состаноци во Општина Демир Капија. Иницијалните состаноци се планирани со Градоначалникот и вработените задолжени за ЛЕР и финансии, со цел остварување партиципативен пристап при креирање стратешки документи и општински политики, одредување контакт лице задолжено за комуникација, обезбедување на потребните влезни информации, заедничко организирање работни средби со целните групи со економскиот оператор при изработката на стратегијата,

- спроведување теренско истражување со примена на: анкети, интервјуа
- изработка на SWOT анализа за Општина Демир Капија
- анализа на постојната планска документација – стратешки планови за локален економски развој, акциони планови како и друга релевантна документација кои дадоа релевантна информатива база за досегашните планови во доменот на ЛЕР и идентификација на: целните групи на локалната заедница и пошироко, нивните очекувања, проблеми и визии за иднината
- одржување одделни работни средби со претставници на целните групи (граѓани, НВО сектор, бизнис сектор, стопански комори, земјоделци, туристички работници итн.) и добивање информации за нивните идеи и очекувања од идниот локален економски развој (примена на партиципативен пристап при креирање локални политики).
- утврдување и дефинирање на приоритетните стратешките области;
- идентификување и дефинирање на Мисијата и Визијата на општината;
- утврдување на стратешките приоритети по области и цели кои го дефинираат развојот на општината и се насочени кон остварувањето на визијата;
- утврдување на предлог проектите (иницијативите) што треба да бидат реализирани поради остварување на предвидените резултати во дефинираните приоритетните области;
- дефинирање на индикаторите за успешност според кои ќе се мери напредокот во одредена област;
- обезбедување на цврста поврзаност на стратешкиот план и буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно планираните расходи и приходи
- Дисеминација на добиените резултати од спроведените активности, односно на состојбите и перспективите на локалниот економски развој во Општина Демир Капија . Оваа активност вклучи една работилница, која беше одржана со претставници на локалните авторитети (Градоначалник и други одговорни лица од општината), претставници на локалната економија, потенцијални претприемачи, претставници на здруженија на граѓани и други релевантни учесници. Целта на оваа работилница беше идентификацијата на клучните цели и активности кои беа вградени во Стратегијата на Општина Демир Капија
- изработка на прва нацрт верзија на Стратегијата за ЛЕР
- работни состаноци со Градоначалникот, вработените задолжени за ЛЕР и финансии и целните групи опфатени при креирањето на Стратегијата, со цел презентирање на изработената Нацрт верзии на Стратегијата за ЛЕР пред надлежните авторитети и засегнатите страни – граѓански здруженија, претприемачи и претставници на локалната економија, претставници на советите на општините, во функција на добивање мислења за првично изработените Нацрт верзија на Стратегијата, како и идеи за нивно подобрување. Оваа активност цели да го олесни и овозможи процесот на прифаќање и усвојување на Стратегијата од страна на сите надлежни страни
- анализирање на добиените идеи за подобрување на Нацрт Стратегијата, прифаќање на издржаните и применливи идеи
- изработка на финална Стратегија за локален економски развој

- Завршна работилница со претставници на сите седум општини и претставници на Вардарскиот Плански Регион
- Презентација на финалните стратегии пред Советот за развој на ВПР, градоначалниците и вработените во одделите за ЛЕР

**Учесници во процесот**

Стратегијата за локален економски развој на Општина Демир Капија е изработена во партиципативен процес во кој беа опфатени поголем број учесници разни целни групи. Пред се, поддршка и потребните информации се добиени од Градоначалникот на Општина Демир Капија, г. Трајче Димитриев, потоа вработените во одделението за локален економски развој и вработените од останата сектори и одделенија во Општина Демир Капија. Вредни и значајни се информациите, ставовите и идеите за локалниот економски развој во општината добиени од граѓаните и бизнис секторот преку спроведената онлајн анкета, вработени во поголем број локални институции и претставниците од НВО секторот.

# 1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

## 1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- **Историјат**

Општината Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, односно во југоисточниот дел на Тиквешката котлина на исклучително важна географска-стратегиска позиција и зафаќа површина од 309 km². Во општина Демир Капија живеат4.545 жители со просечна густина на населеност од 15 жители/ km². Во Општината има вкупно 15 населени места, додека пак учеството на градското население во вкупното население изнесува 75,3%. Демир Капија се наоѓа на најважните сообраќајници во Република Македонија: Железничката линија Белград - Скопје - Солун - Атина и меѓународниот пат Е-75. Сообраќајницата Белград - Скопје - Солун - Атина низ вековите претставувала, а и денес претставува главна сообраќајница во Република Македонија, на која се надоврзуваат сите патишта што водат источно и западно од долината на реката Вардар. Општина Демир Капија има важна географска-сообраќајна поврзаност. Познато е дека по долината на реката Вардар од порано минувал значајниот Вардарски пат кој води од Солун и Пела на југ минувал низ Демиркаписката Клисура и ги поврзувал на север градовите Антигонеа (Неготино), Стоби, Била Зора (Велес) и Скупи (Скопје). Овој пат не го изгубил своето значење и во средниот век. Сообраќајот се одвивал и по воден пат бидејќи Вардар бил пловна река, низ која со сплавови се извезувале најразлични земјоделско-сточарски производи. Со пуштањето на железничката линија Скопје-Солун во 1873 година пловниот сообраќај по река Вардар сосема исчезнал. Железничкиот сообраќај низ Демир Капија добивал се поголемо значење, така што во поново време, по реконструкцијата, модернизацијата и електрификацијата тој има и меѓународно значење. По долината на река Вардат денес води меѓународниот автопат Е - 75, кој, како и железничката линија има големо регионално значење. Овој пат, кој има меридијанско протегање, преку Демиркаписката клисура на југ, ја поврзува Гевгелиско-Валандовската котлина понатаму со Солун и со Земјите на Блискиот исток. На север овој пат ја поврзува Демир Капија со Скопје и другите земји од Европа. Демир Капија преку регионалниот пат R - 109 е поврзана со Конопиште - Мушев Гроб - Рожден, со R - 122 со Пепелиште - Неготино, додека преку стариот макадамски пат R - 103 со Скопје и Гевгелија.

Покрај овие сообраќајници, низ територијата на општина Демир Капија поминува - нафтоводот Солун - Скопје. Наведените сообраќајници претставуваат главни артерии низ кои се одвива целокупниот промет во Републиката и помеѓу Републиките на Балканот и пошироко.

Територијата на Демир Капија се карактеризира со различен геолошки состав и сложена тектонска структура. Демир Капија и припаѓа на Вардарската зона, која е обликувана во вид на тектонски ров и е составен од карпи, чија старост датира од преткамбискиот (најстариот) период, па се до квартерот. Од овој најстар период се сретнуваат метаморфни карпи, а застапени се и графитни шкрилци, кварцити, амфиболити итн. Од мезозојската ера најзастапени се јурските карпи, претставени со варовници, серпентини и чисто карбонатни

варовници, во кои има присуство на талк и магнезит, изразито застапени во Демиркаписката клисура.

Забележително е присуството на карпи од кенозојската ера и тоа од периодот на полеогенот и посебно на квартниот период. Демиркапиското земјишно подрачје за време на неогенот било езерски базен, чии води по долгото и сукцесивно спласнување на Егејско Море, преку клисурата истекле во него.

Во ерата на дилувиумот дошло до целосно сушење на почвата со разместување на долното течение на река Вардар и со неговите оживеани една по друга регресивни ерозии. По езерскиот период Тиквешката котлина останало најмногу глина и песок, а по нејзините краишта сочувани се трагови од езерски крајбрежни релјефи тераси од слоеви на палеозојски и мезозојски карпи. Околу реката Вардар кај Демир Капија има дебели слоеви од модри шкрилци врз кои лежат дебели наслаги од карпи и варовник.

Реката Вардар ги сече овие карпести наслаги правејќи ја Демиркаписката клисура мошне длабока, широка и долга-права планинска клисура. Страните и се градени од модри шкрилци, преку кои лежат слоеви на модра крупна вар со мезозојска старост.

Шумите и пасиштата зафаќаат најголем дел од вкупните површини во Демир Капија.

Демир Капија е најниска географска точка на подножјето на североисточната страна на Кожув планина и западната страна на Серта планина, на 90 мнв. Кожув планина е богата со дрвен шумски фонд, а најзастапени се листопадните видови и тоа: дабот, габерот, прнарот, а помалку застапени се буката и борот. Покрај реките најмногу е застапена евла, лешка и платан.

Дрвото платан, од кое има цели насади, е заштитен со Законот за шуми како природна реткост на дрвните видови кој расте на одредени површини.

На Демиркаписката клисура се наоѓа шумската заедница Phillspeo-Juniperetum excelsae која често ја зафаќаат шумски пожари, а самото подрачје се карактеризира за подрачје на кое постепено е редуцирана оваа шумска заедница.

Општината опфаќа повеќе екосистеми кои се категоризираат во центри со висока флорна разновидност на виши растенија во кои влегува Демиркаписката клисура како и делови низ кои поминува река Дошница.

Како најзначаен извор на водоснабдување се јавуваат акумулациите и површинските води кои се најзначајни за задоволување на човековите потреби за вода.

Акумулациите зафатени од различни типови на брани овозможуваат користење на нивната вода како за водоснабдување на општината така и за наводнување на земјоделските површини. Планирана е изградба на ХМС „Дошница“ која ќе обезбеди водоснабдување на Општина Демир Капија и Општина Неготино и наводнување на одредени земјоделски површини кои не се опфатени со ХМС „Тиквеш’. За оваа изградба изработена е Физибилити студија, при што потребно е да се обезбедат финансиски средства, со кои ќе се овозможи нејзина реализација.

Значењето на површинските води е поради тоа што се многу распространети на територијата на општината, а како протечни води најголема улога играат водотеците на реките Вардар, Дошница и Бошавица. (*податоци од ЛЕАП*)

Демиркаписката клисура е заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата исто така е заштитено е крајбрежјето на река Бошава со одлука на Советот на Општина Демир Капија.

- **Културно наследство**

- Кралската вила Марија изградена во раните триесеттина минатиот век,
- Археолошки локалитет Просек
- Археолошки локалитет Стрезов град,
- Археолошки локалитет Рамниште,
- Археолошки локалитет Манастирец,
- Археолошки локалитет Црквиште,

### Историски и сакрални локалитети

- Тунел во Демиркаписката Клисура изграден од германската војска за време на I Светска војна,
- Манастир во Св. Талалеј, с.Клисура ( верување дека помага при неплодност)
- Чешма со лековита вода на Св.Петка во месноста Ергела

### Културни манифестации

1. "Недела на традицијата Св. Трифун", од10.02 до 14.02 секоја година
2. Празнување на Св.Петка , 08.08 секоја година
3. Турнир во мал фудбал од 13.08 до 27.08 секоја година
4. Панаѓур Голема Богородица од 27.08 до 28.08 секоја година
5. Фестивал за качувачки спортови месец Септември секоја година
6. Ден на ослободувањето на Демир Капија 07.11 секоја година

### Амбиентални целини (комплекси за претставување)

1. Етно Село Клисура ( во тек е подготовка на техничка документација)
2. Локалитет Дошница
3. Долина на Платаните

4. Демиркаписката клисура
5. Пештера Бела Вода
6. Пештери Горни и Долни Змрјовец
7. Долина на кактусите
8. Крајбрежјето на река Бошава
9. Кинеските Колиби- подножје на Кожуф

- **Природно-географски карактеристики**



Општината Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, односно во југоисточниот дел на Тиквешката котлина на исклучително важна географска-стратегиска позиција. Општината лежи на координатите меѓу 220 00" и 220 30" ширина и 410 15" и 410 30" должина, со просечна висина од 622 мнв.

Општина Демир Капија зафаќа површина од 309 км2, на нејзината територија има вкупно 4.545 жители со просечна густина на населеност од 15 жители/км2. Во Општината има вкупно 15 населени места, додека пак учеството на градското население во вкупното население изнесува 75,3% (Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија).

Општината спаѓа во пограничната територија со Република Грција со оддалеченост на општинскиот центар од 40 км од македонско-грчката граница.

Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевац и Чифлик.

Општина Демир Капија се граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.

Поволната сообраќајна положба на Демир Капија во просторот на Република Македонија е евидентна. Демир Капија се наоѓа на најважните сообраќајници во Република Македонија: Железничката линија Белград - Скопје - Солун - Атина и меѓународниот пат Е-75. Сообраќајницата Белград - Скопје - Солун - Атина низ вековите претставувала, а и денес претставува главна сообраќајница во Република Македонија, на која се надоврзуваат сите патишта што водат источно и западно од долината на реката Вардар.

Железничкиот сообраќај низ Демир Капија добивал се поголемо значење, така што во поново време, по реконструкцијата, модернизацијата и електрификацијата тој има и меѓународно значење.

- **Земјишна структура**

**Релјефни карактеристики**

Највисока кота во Демир Капија е местото Волчјак со 1159 мнв. на Конечка планина, а најниска е на речното корито на реката Вардар со 85 мнв.

Општина Демир Капија има разнообразен и разигран терен, кој го прави просторот богат со релјефни посебности, облици и форми. Котлината, набљудувана во целина, претставува претежно планинско и полупланинско подрачје. Од нејзината површина една петтина се висорамнини. Планинските венци кои ја оградуваат котлината од југ, југозапад и запад се високи и нивните највисоки врвови изнесуваат над 1.500 мнв. Дел од планините се пошумени со висока вегетација, а падинските делови се обраснати со ниска вегетација, а дел се голи и се избраздени од бројните порои под дејството на атмосферските води. Рамничарските и низиските терени се покрај речното корито на река Вардар и околу коритата на реките Бошавица, Дошница и другите помали водени текови. Овие рамнини ги претставуваат најниски делови на котлината и се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Ридестите терени се поволни за одгледување на винова лоза и за други земјоделски култури.

- **Минерални и рудни богатства**

Територијата на Демир Капија се карактеризира со различен геолошки состав и сложена тектонска структура, составена од: карпи, метаморфни карпи, графитни шкрилци, кварцити, амфиболити, јурски карпи (претставени со варовници, серпентини и чисто карбонатни варовници, со присуство на талк и магнезит), глина и песок, палеозојски и мезозојски карпи, модри шкрилци.

- **Климатски карактеристики**

Географската положба на Општина Демир Капија, близината на Егејското море и конфигурацијата на теренот ги детерминираат нејзините климатски карактеристики. При тоа, во различни делови од општината се чувствуваат три климатски влијанија: медитеранско (средоземноморско), континентално и планинско. Тие имаат одредено меѓусебно влијание, поради што во одредени реони се јавуваат како модифицирани климатски посебности.

Медитеранската клима продира од јужната страна, а како последица од нејзиното делување Демир Капија спаѓа во редот на топлите и сушни реони на нашата Република.

Продорот на континенталната клима доаѓа преку Велешката клисура, долината на Брегалница и Конечката планина, со што доаѓа до снижување на температурата на воздухот, зголемување на врнежите, јачината на ветровите. Под влијание на континенталната клима се јавуваат долги и ладни зими со краткотрајни ниски температури кои се спуштаат и под - 20 C˚.

Планинската клима е карактеристична за главно високите планински и падински делови на општината. Планинската клима се карактеризира со ладни и суви зими со мошне ниски температури и обемни врнежи, влажност, облачност и магли.

Под влијание на двете најсилни климатски влијанија - Медитеранското и Континенталното формираат климатските карактеристики на Општина Демир Капија. Тие може да се опишат како: топли и суви лета, појава на мразеви во почетокот на пролетта, се до Април, појава на есенските мразеви на крајот на месец Октомври и почетокот на месец Ноември. Температурата на земјиштето ретко е пониска од 0 C˚, што е од особено значење за земјоделското стопанство.

Највисоката измерена температура на воздухот по долината на реката Вардар е забележана на 24 јуни 2007 година и тоа температура од 45,7 C˚, додека пак најниско измерената температура е од -23 C˚, измерена на 19. 12. 2001 година.

Просечната годишна количина на врнежите се движи меѓу 400-500 мм воден талог, а во некои години количината на врнежите се спушта и пониско и до 238 мм. Распоредот на врнежите е нерамномерен, при што најмалку дожд паѓа во месец Јули, а најмногу во месеците Мај и Декември.

Во Општина Демир Капија преовладуваат два правци на ветрови - северен (Вардарец) и јужен (медитерански - југо). Северните ветрови се силни и ладни поради што влијаат врз снижувањето на температурата, додека јужните ветрови – југо, најчесто дуваат во текот на летото и носат големи горештини. Покрај овие два правци дуваат и други ветрови со помала брзина. Максимално измерена јачина на ветер во метеоролошката станица во Демир Капија е измерена од 25 m/s или 94 km/h.

- **Хидрографија**

Низ општина Демир Капија поминуваат три значајни реки кои ги задоволуваат потреби на населението, а тоа се:

– Вардар - должина во општината 24 км
– Дошница - должина во општината 18 км
– Бошавица - должина во општината 15 км

Овие реки претставуваат значаен фактор во водоснабдување бидејќи најголемите рамнини се наоѓаат вдолж реката Вардар, така што претставуваат најниски делови на котлината, а едновремено се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Освен овие три реки низ територијата на општина Демир Капија тече и Челевечката река која е заштитена на државно ниво.

- **Екосистеми (Флора и фауна)**

Шумите и пасиштата зафаќаат најголем дел од вкупните површини во Општина Демир Капија. Планината Кожув е богата со дрвен шумски фонд, а најзастапени се листопадните видови и тоа: дабот, габерот, прнарот, а помалку застапени се буката и борот. Покрај реките најмногу е застапена евла, лешка и платан. Дрвото платан е заштитено со Законот за шуми како природна реткост на дрвните видови кој расте на одредени површини.

Во Демиркаписката клисура се наоѓа шумската заедница Phillspeo-Juniperetum excelsae.

- **Поважни сместувачки капацитети (кампови, хотели, мотели, домашно сместување):**

Ноќевалиште/ресторан "Ловец"

Хотел/Винарија "Попова Кула"

Приватно сместување - Игор Абдрагхманов

Приватно сместување- Алексанадр Кленов

- **Промоција на Општината и нејзините ресурси**

Ресурсите се промовирани на веб страните:

www.opstinademirkapija.gov.mk

www.ceneteu.com

www.discoverdemirkapija

www.miseumdk.mk

Општината има и други промотивни изданија како: Брошура за Општина Демир Капија, Кварталниот Билтен на општината и Туристичкиот Информатор за Демир Капија кој ќе биде готов во месец Ноември оваа година.

- **Заштитени простори**

1. Споменик на културата – Демиркаписка клисура
2. Крајбрежјето на река Бошава- течението на реката низ Демир Капија
3. Црни ореви – центар на Демир Капија

## 1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### 1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА

**Број на население, домаќинства и станови**

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година, по новата територијална поделба, Општина Демир Капија брои 4.545 жители.

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година, Општина Демир Капија имала 1.387 домаќинства, 4.545 жители .

Според пописот од 2002 година, во Општина Демир Капија има вкупно 1,387 домаќинства, вкупниот број на станови е 1.789, а просечната големина на семејство изнесува 3 членови. Статистичките податоци кажуваат дека во Демир Капија во 2002 година живееле вкупно 3.754 жители на возраст од 15 и повеќе години, од кои економски активни се 1.849 лица, а неактивни 1.905 лица. Во општината има вкупно 820 невработени лица (податоците се од Агенција за вработување на РМ, состојба на 31.05.2005 г.);

Структура на населението според националната припадност во Општина Демир Капија е следна:

- Македонци- 3.997 лица (87,94%)
- Турци – 344 лица (7,57%)
- Срби - 132 лица (2,9%)
- Останати – 72 лица (1,58%)

Според половата структура населението во Општина Демир Капија има 2.347 мажи (51,64%) и 2.198 жени (48,36%).

**Образовна структура на населението:**

Вкупно население (на возраст над 10 години) по пол и писменост:

- писмени 3.548 лица, од кои 1.881 се мажи и 1.667 се жени;
- неписмени 505, од кои 220 се мажи и 285 се жени.

**Структурата на население (на возраст над 15 години) според школска подготовка (Попис 2002 год):**

- сеуште во процес на образование - 2
- без никакво образование - 496
- со непотполно основно образование - 788
- основно образование – 1.025
- со средно – 1.282
- со вишо - 88
- со високо - 73
- магистратура - 1

Согласно процените на населението на 31.12.2013 според полот и возраста, по општини и по статистички региони, се проценува дека вкупното население на Општина Демир Капија денес изнесува 4.124 лица, од кои 2.123 мажи и 2.001 жени.

- **Миграции**

Во Општина Демир Капија констатиран е значаен пораст на миграцијата во втората половина на XX век, кој продолжил и во текот на овој век. Во последните десетина години има процес на обратна миграција, особено на постара популација. Внатрешните миграции во периодот од 2005 година до 2013 година во Општина Демир Капија се презентирани во табела бр.1.

**Табела бр.1 - Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години, во Општина Демир Капија**

| | Вкупно | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Демир Капија | 47 | 39 | 34 | 32 | 26 | 20 | 37 | 34 | 29 |

Извор: Државен завод за статистика

## 1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО)

**Основни индикатори за економска активност на општината:**

- Општина Демир Капија остварува вкупни приходи од 72.627,77 МКД за 2013 година според вкупни приходи од ДДВ
- Невработеноста е 18% од работоспособно население
- Остварува изворни приходи (2013)-Даночни и неданочни приходи во вкупен износ од 12.891.271,00 денари. (извор Завршна сметка за 2013 година).
- Планирани приходи (2014)-Вкупно планирани приходи 122.398.180,00 денари. (извор Буџет 2014 година).
- Буџетски трансфери (2013)Трансфери и донации 53.536.456,00 денари (извор завршна сметка за 2013 година).
- Планирани трансфери од централен буџет (2014)-Трансфери и донации 63.083.180,00 денари.(извор Буџет 2014 година).
- Изворните приходи не се доволни за финансирање на капиталните проекти на општината.
- Капиталните расходи (2013) се во вкупен износ од 21.554.695,00 денари(извор Завршна сметка за 2013 година).
- Планирани капитални расходи (2014) се во вкупен износ од 35.800.000,00 денари(извор Буџет 2014 година).

- **Деловни субјекти**

Главната стопанска гранка во градот и околината е земјоделството особено одгледувањето на винова лоза, житни култури, градинарски култури (црвена пиперка) и тутун. Од другите стопански гранки застапено е ископувањето на песок и камен за градежништвото.

Бројот на активните деловни субјекти во Општина Демир Капија варира во различни периоди. Состојбата со 31.12.2013 година е презентирана во табелата бр.2:

**Табела бр.2 Активни деловни субјекти по големина во Општина Демир Капија, состојба 31 декември 2013 година**

| Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 108 | 76 | 32 | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.1, по општини, состојба 31 декември 2009 – Демир Капија**

| Вкупно | Земјоделство, лов и шумарство | Преработувачка индустрија | Снабдување со електрична енергија, гас и вода | Градежништво | Трговија на големо и мало; поправка на возила, мотоцикли, предмети за лична употреба и за домаќинствата | Хотели и ресторани | Сообраќај, складирање и врски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109 | 7 | 11 | 2 | 1 | 47 | 12 | 16 |

Извор: Националната класификација на дејности - НКД Рев.1 е усогласена со Европската класификацијана дејности - NACE Rev.1.1, Извор: Државен завод за статистика

**Табела 4: Активни деловни субјекти по сектори на дејност во Општина Демир Капија според НКД Рев.2, со состојба 31 декември 2013 година**

| Опис | Број на деловни субјекти по сектори |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 |
| Рударство и вадење на камен | - |
| Преработувачка индустрија | 9 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 3 |
| Градежништво | 6 |
| Трговијана големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 38 |
| Транспорт и складирање | 13 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 9 |
| Информации и комуникации | 1 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | - |

| | |
|---|---|
| Дејности во врска со недвижен имот | - |
| Стручни, научни и технички дејности | 1 |
| Административни и помошни услужни дејности | - |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 |
| Образование | 1 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 8 |
| Уметност, забава и рекреација | 1 |
| Други услужни дејности | 6 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи | ... |
| Дејности на екстратериторијални организации и тела | ... |

Извор: Државен завод за статистика

- **Земјоделско производство**

Состојбата во земјоделството според податоците од 2007 година е презентирана во следните табели:

**Табела 5: Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор во Општина Демир Капија**

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето во ха | Користено земјоделско земјиште, ха | | | | Број на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | |
| 1.006 | 1.453,83 | 1.084,07 | 867,42 | 223,45 | 6,80 | 2.719 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на земјоделството 2007

**Табела 6: Вкупно расположливо земјоделско земјиште во Општина Демир Капија**

| Вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | Ливади | Пасишта | Овоштарници | Лозја | Расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.084,07 | 383,6 | 45,89 | 46,39 | 13,10 | 595,09 | - |

Извор: Државен завод за статистика

Во општината постојат одлични услови за развој на лозарството што придонесува за рано созревање на грозјето (сорта мускат и раните сорти кралица и кардинал). Покрај овие, во демиркапискиот регион е познат и по сортите грозје: жилавка, смедеревка, бела, теран, кратошија, вранец, гаме, алиготе, ризлинг и други. Демир Капија е позната по производство на квалитетните сорти вино: жилавка, прокупец, демиркаписко бело и смедеревка.

Во Демир Капија во 1933 година кралот Александар Карaѓорѓевиќ изградил винарска визба со капацитет од 4.100 тони. Таа е единствена визба од предвоениот период, а денес е во сопственост на винаријата Еленови. Во општина Демир Капија, покрај наведената винарија,

функционираат и следните винарии: Попова Кула, Вила Марија, Агропин, Капија, Радевски, Филе и Тиквешко сонце.

Освен лозарството во општина Демир Капија во мали размери е развиено и индивидуалното сточарство, производството на риба и живина.

- **Туризам**

Релјефните особености на Демир Капија нудат извонредни можности за развој на туризмот. Пред се за споменување се Демиркаписка клисура, убавите стени, и кањонот Иберлиската река.

Посебна можност за развој на туризмот претставуваат спелеолошките природни појави – пештери кои се создадени во варовничките маси на Демиркаписката клисура. Познати се повеќе пештери од кои поголеми и позначајни се Бела Вода и Горни и Долни Змејовец, Горни Крастоец. Овие пештери претставуваат природни реткости кои можат да се користат во туристички цели.

Посебна важност за развојот на туризмот во Општина Демир Капија има развојот на винскиот и еколошко-културниот туризам. Долгогодишната традиција на производство на квалитетно грозје, а потоа и подготвување вино со врвен квалитет е поттик повеќе за развој на винскиот туризам.

## 1.3 СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Образовни установи и градинки**

Образовниот процес во Општина Демир Капија се спроведува преку: едно централно основно училиште.

Децата од предучилишна возраст се згрижени во детската градинка.

Учениците го продолжуваат средното образование во поблиските градови, а високото образование во некој од универзитетските центри или на дисперзираните студии во блиските градови.

- **Здравствени установи**

Здравствената заштита во Општина Демир Капија се обезбедува преку приватни здравствени установи од примарната практика и аптека, услуги од секундарната здравствена заштита се користат во поблиските градови.

## 1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Водоснабдување**

Водоснабдувањето на Општина Демир Капија се врши од акумулациите и површинските води. Акумулациите зафатени од различни типови на брани овозможуваат користење на нивната

вода како за водоснабдување на општината така и за наводнување на земјоделските површини.

Околу 60 % од водоводниот систем е постар повеќе од 30 години и претежно е изработен од азбестно-цементни цевки, поради што се преземаат активности за нивна замена.

Селата во Општина Демир Капија се снабдуваат со вода преку сопствени водоводи во чиј составен дел влегуваат бунари, цевководи и разводни мрежи. Со водоводите во селата управуваат Месните заедници. Советот на Општина Демир Капија во 2011 година донесена е одлука, водоводите во селата да бидат под надлежност на ЈКП Бошава. Оваа одлука се спроведува постепено.

Преку 94% од семејствата во Општина Демир Капија се поврзани на водоводот и користат исправна вода за пиење.

Општина Демир Капија се соочува со проблеми во водосбдувањето кои се поради недоволната количина на вода за пиење во летниот период, ограничената издашност на изворите и бунарите во населените места, големи загуби во мрежата, користење на водата за пиење за несоодветна намена - наводнување.

- **Одведување на отпадни води**

Во општината не постои организирано одведување и третман на отпадните води. Во Општина Демир Капија не постои пречистителна станица за отпадните води. Дел од отпадните води од домаќинствата во населените места и индустријата директно се испуштаат во реките, а дел се одведуваат во индивидуални септички јами кои во поголем број се површински.

Атмосферските води се испуштаат слободно по површината на теренот, а атмосферска канализација има само во центарот на градот.

Извори на загадување на водите претставуваат и сточарските фарми од кои водите најчесто се испуштаат површински. Дел од отпадните води се испуштаат во разни канали со или без протечна вода, додека останатиот дел се испушта слободно по улиците, што претставува голема опасност по здравјето на луѓето. Одговорноста за чистење на септички јами ја имаат сопствениците, додека во градот поради постоечката фекална канализација септичките јами повеќе не се користат.

Во градот Демир Капија постои колекторски систем, но потребно е да се изгради пречистителна станица. Фекална канализација има само за градот и селата Бистренци и Корешница.

- **Управување со отпад**

Во рамките на Општина Демир Капија функционира една градска депонија. Со градската депонија управува ЈКП „Бошава“ и како мерка за заштита на градската депонија направени се заштитни појаси околу депонијата. Цврстиот комунален отпад се депонира стихијно на несоодветни локации, притоа неводејќи сметка за проблемите кои можат да настанат во животната средина (како во непосредната урбана екологија, така и пошироко), и тоа се сериозни последици на подолг временски период.

Во тек се активности за изградба на регионална депонија за општините од Вардарскиот плански регион со што ќе биде решен проблемот со одлагањето на комуналниот смет и на општина Демир Капија.

- **Енергетска инфраструктура**

Општина Демир Капија располага со одлична електро-енергетска инфраструктура која може да обезбеди услови за непречен економски развој. Електропреносната мрежа е составена од далеководи и трафостаници кои обезбедуваат стабилно електрично напојување.

- **Патна инфраструктура**

Демир Капија се наоѓа на најзначајната сообраќајна комуникација која ја поврзува западна Европа со Грција, а преку неа со Турција и другите земји од блискиот исток. Тоа се автопатот Е-75 кој има меридијанско протегање и железничката линија Белград - Атина. Преку овие две сообраќајници се одвиваат главно сите стопански и други текови помеѓу наведените земји.

Демир Капија преку регионалниот пат R-109 е поврзана со Конопиште-Мушев Гроб - Рожден, со R-122 со Пепелиште - Неготино, додека преку стариот макадамски пат R-103 со Скопје и Гевгелија. Покрај овие сообраќајници, низ територијата на Општина Демир Капија поминува нафтоводот Солун - Скопје. Наведените сообраќајници претставуваат главни артерии низ кои се одвива целокупниот промет во Републиката и меѓу Републиките на Балканот и пошироко. Покрај тоа, Демир Капија располага и со патиштата кои ги поврзуваат населените места и се од витално значење за општината.

Воедно доста значајна е и изградбата на новиот патен правец Демир Капија - Смоквица кој ќе има големо значење за зголемување на економскиот и стопанскиот развој на општината.

Демир Капија е добро поврзана со поблиските населени места со такси превоз и автобуски превоз.

- **Железнички сообраќај**

Минувањето на железничката линија Скопје – Гевгелија низ Демир Капија овозможува користење на патниот и товарниот железнички сообраќај.

- **Енергетска ефикасност**

Општина Демир Капија, како една од Општините од Вардарскиот регион ги користи услугите од областа на енергетската ефикасност од заедничката канцеларија лоцирана во Неготино. Целта на проектите за подобрување на енергетската ефикасност е да се користи помалку енергија за вршење на одредена услуга или за одредена задача, со што се допринесува за редуцирање на штетните емисии од согорувањето на фосилните горива. Дополнително, со енергетската ефикасност се заштедуваат средства кои може да бидат потрошени за подобрување на животот и условите на работниците, потрошувачите, граѓаните.

Во Општина Демир Капија преземени се одредени чекори во областа на енергетската ефикасност и постигнати се одредени подобрувања во искористувањето на енергијата како во резиденцијалниот така и во индустрискиот сектор. Во Општината поради поволните услови во смисла на: сончево зрачење, константност на ветровите и хидролошкиот потенцијал направени се неколку иницијативи од страна на приватниот сектор и тоа:

- Во изградба се 3 мали фотоволтни централи кои ја користат сончевата енергија
- Се врши испитување за изградба на поле на ветерници кои ќе ја користат ветерната енергија и
- Две мали хидроелектрани.

## 2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

- **Урбанизам и индустриски зони**

Општината располага со индустриската зона „Попова Кула“ на која се маркирани 17 парцели и во тек е подготовка на планска документација за нова индустриска зона „Корешница“.

- **Енергетски можности**

Сончева енегрија – мали фотоволтни централи во изградба

Ветерна енергија- во тек се врши испитување

Хидроенегрија како потенцијал за изградба на мали хидроелектрани

- **Можности за развој на селективни форми на туризам**

Развој на рурален туризам

Вински патишта

Планинарски и качувачки туризам

Оринтолошки туризам

Можности за развој на земјоделското производство и преработки

Винарство

Винарски визби

Преработувачка индустрија

Примарно земјоделие – производство на црвена пиперка, градинарски производи, жито и тутун.

Патната инфраструктура е добра, поради самата местоположба на Демир Капија и се работи на подобрување на локалната инфраструктура а дополнително ќе придонесе и изградбата на

магистралниот пат Демир Капија – Смоквица, кој ќе го олесни пристапот до соседните Општини и граничниот премин кон Грција.

Во сите претходно наведени локалитети има енергетска и патна инфраструктура,освен до Пештерите Горни и Долни Змејовец и Кинеските колиби.

Општината активно работи на поставување на патокази и сигналитика за локалитетите Просек, Рамниште и Пештерата Горни Змејовец. Во соработка со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р.М. ќе се трасираат и обележат уште 11 планинарски и велосипедски патеки.

# 3. КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

- **Спорт и рекреација**

Постојат големи можности за развој на спортот и рекреацијата во Општина Демир Капија. Чистата природа, кањонот на реката Вардар, карпестите предели се потенцијали кои стојат на располагање. Покрај тоа, постојат потенцијали и за развој на ловот и спортскиот риболов.

- **Културни манифестации**

Во општината функционира Дом на културата, а во негов состав се: КУД Мирка Гинова, Драмскиот театар Мирка Гинова, Народниот оркестар, Тамбурашкиот оркестар, Пејачката група и Балетската група.

Во Општината има голем број културни манифестации кои привлекуваат голем број на туристи како што се:

1. 1."Недела на традицијата Св. Трифун", од10.02 до 14.02 секоја година
2. Празнување на Св.Петка , 08.08 секоја година
3. Турнир во мал фудбал од 13.08 до 27.08 секоја година
4. Панаѓур Голема Богородица од 27.08 до 28.08 секоја година
5. Фестивал за качувачки спортови месец Септември секоја година
6. Ден на ослободувањето на Демир Капија 07.11 секоја година

Покрај културните посебни локалитети за рекреација и спортување кои се препознатливи по својата уникатност се амбиенталните целини како што се:

1. Етно Село Клисура ( во тек е подготовка на техничка документација)
2. Локалитет Дошница
3. Долина на Платаните
4. Демиркаписката клисура
5. Пештера Бела Вода
6. Пештери Горни и Долни Змрјовец
7. Долина на кактусите
8. Крајбрежјето на река Бошава
9. Кинеските Колиби- подножје на Кожуф

# 4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП

## Национален контекст

Моменталната состојба во поглед на потенцијалите за развој на секторот на МСП и претприемништво се карактеризира со низа мерки и активности за унапредување нас бизнис климата во Република Македонија. Оттука, и наодите во извештајот на Doing Business за 2013 година укажуваат на поволната бизнис клима со што Република Македонија е меѓу десетте најдобри за започнување на нов бизнис и помеѓу триесетте најдобро рангирани бизнис клими[1]. Законската рамка која го регулира развојот на претприемништвото и секторот на МСП е усогласена со европските стандарди и е во прилог на растот на бизнисите[2]. Постоечките финансиски институции даваат поддршка на претприемништвото, но и дополнително се спроведуваат кампањи за промоција и подигнување на јавната свест за придобивките од развојот на претприемништвото.

Мерките и активностите кои се спроведуваат во областа на претприемништво и развојот на МСП се во надлежност на: Министерство за економија на Република Македонија, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Комитетот за иновации, технологија и претприемништво, Фондот за иновации и технолошки развој и Националниот совет за претприемништво и конкурентност, а се составен дел на следниве национални политики:

- Национална стратегија за развој на МСП (2002 – 2013)
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво (2014)
- Стратегијата за иновации на Република Македонија (2012 – 2020)
- Индустриската политика на Република Македонија (2009 – 2020)
- Матрица на иновативната унија за Република Македонија (2010)
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015)
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009 – 2019)
- Стратегија за промоција на извозот
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија

Анализата на политиките и состојбата во областите на претприемништвото и МСП во Република Македонија (кои како решенија, (мерки и активности во основа се креираат и донесуваат на национално ниво) укажува на можностите за подобрување на поддршката за развој на секторот од страна на самите општини кои на локално ниво можат да ги приоретизираат прашањата, а со тоа и да ги насочат расположливите ресурси кон реализација на мерките и активностите за развој на претприемништвото и МСП. При изработката на оваа стратегија, со анализата на постојната состојба со претприемништвото и МСП во Општина

[1] Со вовдеувањето на електронските системи за е-регистрација (со кој се овозможува брзо и лесно регистрирање на фирми), е-даноци (електронско поднесување на годишните финансиски извештаи)

[2] Законската рамка за Секторот МСП и претприемништво ги опфаќа:Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;Законот за трговски друштва;Законот за стечајна постапка;Законот за иновациска дејност;и Законот за локална самоуправа

Демир Капија се зедоа предвид постоечките предизвици и проблеми, но и потенцијалните чекори потребни за истите да се надминат, согласно позитивни компаративни искуства, а во служба на развојот на МСП во Општина Демир Капија.

## 4.1 СОСТОЈБА ВО ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Надлежности на општина Демир Капија за Локален економски развој

Листата на надлежности од областа на локалниот економски развој за кои што е надлежна општината се регулирани во член 22 точка 3 од Законот за локалната самоуправа[3]:

- планирање на локалниот економски развој;
- утврдување на развојните и на структурните приоритети;
- водење на локалната економска политика;
- поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и, во тој контекст, учество во воспоставувањето и во развојот на локалната мрежа на институции и агенции; и
- промовирање на партнерства.

Истражувањето во областа на претприемништвото и развојот на МСП, спроведено за потребите на оваа Стратегија, преку креираните прашалници ги опфаќа ставовите на компаниите и граѓаните од Општината во поглед на условите и потенцијалите за развој.

Со оглед на тоа што постојат малку фокусирани истражувања и податоци кои се однесуваат конкретно на состојбите во општина Демир Капија, во оваа анализа се земени во предвид веќе постоечките податоци и истражувања на национални ниво кои се дополнети со сознанијата добиени од истражувањето спроведено за потребите за подготовка на оваа Стратегија, а се однесуваат на состојбата за развој на претприемништво и МСП и во општина Демир Капија.

Според националната класификација на дејности - НКД која е усогласена со Европската класификација на дејности - NACE Rev.2 структурата на деловни субјекти по дејности во општина Демир Капија е прикажана на следниот графички приказ:




Според истата може да се забележи дека најголемиот дел од деловните субјекти отпаѓаат на, трговијата на големо и мало (35%), транспорт и складирање (12%), земјоделство, шумарство и водостопанство (10%), објекти за сместување и сервисни дејности со храна (8%) и преработувачката индустрија (8%).

### 4.1.1 НАОДИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ – БИЗНИС СЕКТОР

Наодите од истражувањето и анализата на состојбата се темелат на податоците добиени од доставените прашалници на (постојни и потенцијални) претприемачи, претставници (сопственици и управители) на мали и средни претпријатија и граѓани од општината, како и преку спроведените полу-структурираните интервјуа и работилници со претставници на

јавниот и приватниот сектор, невладиниот сектор, научно-образовните институции, регионалната стопанска комора и граѓаните на Општина Демир Капија.

Од испитаниците (претставници на бизнис секторот), истражувањето ги даде следните резултати:

Најголем процент од испитаниците од бизнис секторот во Општина Демир Капија се управители (како релевантен извор на информации од топ-менаџментот), чија дејност е во: производството на вино, винскиот туризам и градежништвото. Од аспект на производите и услугите, испитаните компании нудат: вино, хотелски и угостителски услуги, изработка на термоизолациони фасади и ентериерно уредување.

Од вработените во овие компании, 100% од вработените работат со полно работно време. Најголем дел од вработените (58%) спаѓаат во возрасните групи од 25-34 и од 35-44.

Во поглед на пласманот на понудените прозиводи и услуги, компаниите пласираат 24% на национално ниво, 41% во рамки на општината и во околината, и 35% на надворешен пазар.




### 4.1.2 ПОТРЕБИ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Од расположливата работна сила, по прашање на задоволување на потребите и барањата на бизнис заедницата, 50% од испитаниците во Општина Демир Капија сметаат дека работната сила која се нуди на пазарот не одговара на нивните потреби и барања, додека пак 50% сметаат дека потребна е дополнителна обука и доквалификација за веќе вработените кадри.

Во поглед на потребните вештини и обуки кои би им помогнале на помогнале на бизнис заедницата за подобрување на квалитетот на работењето на нивниот персонал, испитаницте ги наведоа потребите од вештини во англиски јазик (15%), маркетинг (25%), компјутерски вештини (30%) и нови технологии за производство (30%). Од испитаните компани во Општина Демир Капија, 100% од компаниите не членуваат во некое деловно здружение или стопанска комора.




## 4.1.3 ОЦЕНКА НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Од испитаниците 50% сметаат дека одделението на ЛЕР и општинската администрација функционираат задоволително. 90% од испитаните сметаат дека обезбедувањето на обука и експертиза за бизнис е недоволно и дека процедурите за бизнис не се на задоволително ниво (85%), односно истите не се во служба на развојот. 50% сметаат дека информациите за развој на бизнисот се задоволувачки, и 50% сметаат дека патната инфраструктура (локални патишта во општината) треба да се подобри.

Според податоците, 100% сметаат дека телекомуникациите функционираат добро, а за комуналиите (водовод, канализација) 55% сметаат дека фунцкионираат незадоволително, а кога станува збор за управувањето со отпадот 90% од испитаниците мислат дека работат добро, а 100% сметаат дека секторот за енергија фунцкионира многу добро. Од испитаниците 50% сметаат дека секторот за реформа на политиките за локално оданочување, јавните услуги и квалитетот на живот се на задоволително ниво, додека пак останатите 50% сметаат дека истите се незадоволителни.




Бизнис секторот во Општина Демир Капија оценува дека деловоното окружување во општината не поттикнува доволен развој на бизнисите (52%).




Во поглед на приоритети кои локалната администрација треба да ги има во периодот од следните 3-5 години со цел да го забрза локалниот економски развој, а воедно и да се подобрат условите за функционирање на МСП, испитаниците ги дадоа следните предлози: подобра патна и комунална инфраструктура, отварање на банки, центри кои би нуделе здравствени услуги.

### Наоди од теренското истражување – граѓани

Од испитаните граѓани од Општина Демир Капија (40% мажи, 60% жени), 78% се на возраст од 20 до 30 години, а 22% се на возраст од 31-40 години. Во поглед на образованието, 100% од испитаниците се со високо образование, и 89% одговориле дека во општината живеат повеќе од 10 години, а 11%  5 до 10 години.

## Перцепции и оценка на Општината

Од испитаниците 88% сметаат дека природна средина и окружување во општината е задоволувачка. 83% од испитаниците сметаат дека квалитетот на комунални услуги е добар, како и нивото на опременост и постоење на јавни установи (училишта, болници, градинки итн.) е на задоволително ниво (88%). Анализата покажува дека 60% сметаат дека нивото на развој на локалната економија е на незадоволувачко ниво. Кога станува збор за начинот на кој се управува со општината и за релациите за соработка со соседните општини (економски, културни итн.) 80% од испитаниците сметаат дека се на задоволувачко ниво.




## Оценка на Локалната самоуправа

Според испитаниците 60% сметаат дека локалната самоуправа може повеќе да се вклучи во економскиот развој на Општина Демир Капија, а 40% сметаат дека истата е доволно вклучена.




## Проблеми со кои се соочува Општината

Кога станува збор за проблемите со кои се соочува општината, 60% од испитаниците сметаат дека земјоделието е секогаш потенцијален сериозен проблем за истата, а 100% ја посочуваат индустријата како сериозен проблем. 80% сметаат дека домувањето не е многу сериозен проблем. Од испитаниците, 60% сметаат дека сообраќајот е сериозен проблем за Општина

Демир Капија, додека пак за 80% комуналните услуги (водовод, канализација, собирање и депонирање на отпад, итн.) се сериозен проблем. Според испитаниците 60% сметаат дека образованието не претставува сериозен проблем, а за ист процент здравството е сериозен проблем. Заштитата на животната средина, туризмот и културата се сериозни проблемиза 60% од испитаниците, а за 80% спортот не е сериозен проблем за општината.




## Потенцијали за економски развој

Според испититаниците, како најважни и најзначајни области за економскиот развој на Општина Демир Капија се индустријата и земјоделието, а како најважни и најзначајни области кои нудат можности за вработување се градежништвото и трговијата.






## 4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ)

Една од најважните цели за поттикнување на економскиот развој во општина Демир Капија, претставува капитализацијата на расположливите ресурси и поддршката за секторите и социјалните групи кои имаат тешкотии во пристапот кон основните економски и финансиски ресурси. Намената на оваа функција опфаќа голем број на цели и треба да има за задача да тежнее кон еднаква застапеност на услуги кои ќе ги обезбедува општината за приватниот и јавниот сектор.

Како најбитни специфични цели во делот на обезбедувањето на услуги за ЛЕР може да се издвојат следните:

- Поддршка за интеграција и координација на локалните институции и здруженија кои имаат взаемна визија за локалниот економски развој,
- Промоција на малите и средни претпријатија,
- Планирање, развој и воведување на услуги за јавни и приватни субјекти кои ќе го поддржат локалниот економски развој на општина Демир Капија.

За успешно спроведување на овој процес за енгогениот потенцијал на општина Демир Капија, најпрво потребна е усогласеност во дијалогот помеѓу локалните институции, приватниот сектор и граѓаните. Во рамките на оваа стратегија се развиени планови за економски развој кои ќе вклучуваат: претприемачки активности, развој на инфраструктурата и урбанистичкото планирање, пристап и менаџмент до финансиски средства, можности за истражување и развој, како и обезбедување на можности за обука за стекнување на потребните вештини на локалниот пазар на труд.

Во анализата на можностите за локален економски развој посебно внимание се обрна на потребите на социјално ранливите групи и на одредување на нивото и можностите за надминување на сиромаштијата кај одредени категории на ранливи групи во општина Демир Капија. За поттикнување на инклузијата на ранливите групи направени се економски планови на регионално ниво за зголемување на нивото на претприемачката култура со кои се очекува да се постигнат резултати на среден и подолг рок.

### 4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Најсоодветни форми на поддршка за развој на претприемништвото и развојот на МСП во Општината се :

- Развој и уредување на индустриски зони
- Формирање на јавно-приватни партнерства.
- Обезбедување на едукативни работилници за можностите што ги нуди претприемништвото и самовработувањето
- Се препорачува општината да ги користи и формите на поддршка на приватниот сектор преку МИР (Мрежата за инклузивен развој) и НВО кои организираат обуки, работилници или други форми на промоција на претприемништвото, можностите за самовработување и користење на програмите кои ги нуди централната власт преку своите институции (АВРМ, Министерство за економија, Агенција за претприемништво и др.).

Поддршката на развојот на претприемништвото и МСП да се темели на 2 столба: цврсти и меки мерки.

Цврсти се инвестициите во индустриски зони и привлекување на инвеститори на својата територија.

Меките мерки се насочени на: соработка со МИР и НВО во организирање на работилници, средби со граѓани и други форми преку кои ќе врши запознавање со програмите кои се нудат или да им се овозможи обука за отпочнување на претприемачки потфат (бизнис план, сметководство, регулатива и сл.).

### 4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР

Општината своите активности во делот за ЛЕР ќе ги темели на активности со кои се создава на амбиент поволен за инвестирање и развој на бизнис и амбиент поволен за живот на граѓаните.

Како заедничка платформа за развој на индустријата, туризмот и земјоделството е поддршка на развојот на **МСП кои можат да се формираат во секој од идентификуваните сегменти, така што со индивидуалните претприемачки иницијативи ќе се развијат проекти (производи и услуги) кои се одржливи за основачите и атрактивни за корисниците.**

Подобрувањата во обемот и квалитетот на услугите во областа на инвестициите и заштитата и унапредувањето на животната средина, подобрување на комуналната и социјална инфраструктура, како и негување, развој и унапредување на постојното културно наследство и други социјални активности кои се во надлежност на **општината**, односно во соработка со **невладин сектор, кој претставува докажана форма на приближување на општинските активности до граѓаните.**

## 4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на утврдените капацитети на Општината, нејзините компаративни предности и потребите можат да се идентификуваат насоки во кои движи развојот на локалната економија:

Поддршка на развој на претприемништвото и МСП во делот на:

- Земјоделието, лозарството и винарството
- Алтернативни форми на: вински, рурален планински, риболовен и спортски туризам
- Подобрување на локалната инфраструктура
- Искористување на енергетскиот потенцијал

# 5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Состојбите и капацитетите ќе ги анализираме преку табеларен пристап и објаснување на можностите за развој. Истражувањата кои ги вршевме ни овозможија да ги утврдиме вредностите во општината што можат да се искористат за развој на селективни форми туризам. Нивните карактеристики упатуваат на формирање туристичка понуда. Ова ќе се реализира преку инвентаризација и валоризација на состојбите и капацитетите.

**Табела бр. 7 - Капацитети како атрактивна и рецептивна основа за развој на туризмот во Општина Демир Капија**

| **Вид на туристичка вредност (ресурс)** | Атрактивност и функционалност | Просторна определеност, на објект и локалитет | Состојба и карактеристики |
|---|---|---|---|
| **Просторно-географска положба и поврзаност** | Транзитност | Делница низ општината на коридорот 10<br><br>Утврдени точки:<br>510, 511, 512, 526 и 527 Демир Капија | Постои инфраструктура која може да се употреби за инфо-точки<br>Составен дел на усвоената Студија за идентификација на стратешки локации за организирање на информативни пунктови вдолж коридорот 10 и магистралниот правец М-5 во Вардарскиот плански регион<br>Нема урбанистички решенија<br>Транзитно-туристички активности: Одмор, трговија, угостителство, сервисни услуги |
| **Природни** | 1.Клисури | Демиркаписка клисура | Споменик на природата (СП)<br>Еко-туризам, едукативно-научни активности, набљудување на птици, алпинизам – тренинг активности |
| | | Клисурска река | Научно-истражувачки природен резерват (НИПР-предлог)<br>Еко-туризам, едукативно-научниактивности, набљудување на птици, алпинизам – тренинг активности |
| | 2.Ботанички вредности | Студена глава – рид Трник (десна страна на Вардар) | НИПР – предлог<br>Еко-туризам, едукативно-научни активности |
| | | Иберлиска Река – резерват на платан | Споменик на природата (СП)<br>Еко-туризам, едукативно-научни активности |
| | | Црни ореви<br>Крастовец – под врвот Крастовец | СП (предлог)<br>Еко-туризам, едукативно-научни активности |
| | | Штудер – на ридот Штудер | |
| | | Кактуси од видот Пунчио, се наоѓаат во с. Клисура, на 7 км од Демир Капија | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Културни | 3.Пештери | Бела Вода<br>Пештера Горен Змеовец - под врвот Крастовец | СП (предлог)<br>Спелеолошки туризам |
| | 4.Реки | Вардар<br>Бошава<br>Дошница | Недоволна уреденост<br>Речен туризам, спортови на вода |
| | 1. Атракции<br>1.1. Споменици<br>1.1.1. Религиозни градби - христијански | Св.Богородица; Св. Никола с.Клисура, | Цркви поврзани со интензивните градежни активности во Македонија од XIX-XX век |
| | 1.1.2. Јавни градби | Железничка станица; | Изменувана првобитна архитектура но со можност за добра конзервација и ревитализација во поширок тематски комплекс |
| | 1.1.3. Тврдини | Марков град; Кале – Стрезов град; Рамниште; | Исклучително значаен комплекс на тврдини во Демиркаписката клисура |
| | 1.1.4. Археолошки локалитети | Црквиште | Остатоци од ранохристијанска базилика |
| Угостителски капацитети | 1.1.5. Градби од индустриско наследство | Винарија Вила Марија; Винарија Попова Кула | Значаен комплекс под заштита на Министерството за култура и УНЕСКО |
| | 1.2. Музеи<br>1.2.1. Етнографски музеи | Музеј на виното | Поставка со етнографски и археолошки артефакти како и простор за тематски изложби |
| | 2. Настани и манифестации<br>2.1. Секуларни фестивали и настани | Недела на традицијата Св.Трифун | Значајна манифестација од регионален карактер |
| | 3. Етнографско наследство<br>3.1. Традиционално градителство | Клисура; Човелец; Дрен; Прждево; Бесица; Барово | Групации на куќи со зачувани традиционални карактеристики во ентериерот и екстериерот |
| | 3.2. Стопански активности | | бочварство |
| | Хотели 1<br>Ресторани и гостилници 6,<br>Кафе-бар 1<br>Дискотека 1 | Попова Кула<br>Демир Капија | Високи стандарди<br>Запазени минимални технички услови, недоволно сместувачки капацитети<br>Основа за развој на вински туризам |

Општината Демир Капија е една од општините во кои развојот на туризмот има приоритетно место во развојните планови. Тоа се должи на високото ниво на пројавена свест кај менаџментот на општината за значењето што го има оваа дејност. Демир Капија е карактеристична по забележителната транзитност, природно и културно наследство кои

претставуваат ресурсна основна за развој на туризмот. Во прилог на развојот на туризмот оди извонредната комуникативност на овој простор. Комуникативноста се однесува како кон општините во Вардарскиот плански регион, така кон другите просторни целини во Република Македонија кои можат да бидат емитивни средини односно средини од кои можат да се очекуваат домашни туристи. Демиркаписката Клисура го контролира прометот така што има извонредна комуникативна функција. Тоа е голема предност на оваа општина бидејќи е забележителна пристапноста кон туристите. Исто така, треба да се констатира дека магистралниот правец Е-75 е главната оска на комуникации во Република Македонија што и овозможува на општината да претставува гравитационен центар. Комуникативноста е подобрена со изградбата на современа магистрала и патната мрежа која ги поврзува ресурсите во општината. Ваквата комуникативност овозможува атрактивностите да бидат достапни до туристите и да се вклучат во развојот на туризмот во општината. Компактноста на атрактивностите овозможуваат интегративност. Таа во туристичката понуда подразбира дека ресурси со своите карактеристики претставуваат вредност која може да се искористи во различни селективни видови туризам, а според тоа се дел од неговата основната одржливост. Поради тоа потребно е да се пристапи кон валоризација како на природните, така на антропогените ресурси, а рецептивните капацитети треба да бидат последица на нивно успешно користење. Туристичка валоризација треба да овозможи утврдување форми и содржини кои се во функција на одржлив развој на туризмот. Таа ќе овозможи утврдување на активности и селективните видови кои имаат оптимален развоен и пазарен карактер. Појавите и односите, во овие просторни целини, треба да се валоризираат, како основа за одржлив развој на туризмот и активности компатибилни со него. Инвентаризацијата подразбира евиденција и класификација на ресурсите кои се содржински компоненти на животната средина во овој простор, а се од природен и антропоген карактер.

Општината се протега котлински и клисурест простор. Тоа значи, дека таа е опкружена со планини кои можат да се искористат за активности како дел од туристичката понуда. Демиркаписката Клисура е најголема и најимпресивна клисура во Република Македонија. Како изразити вредности покрај транзитноста внимание заслужуваат импресивните отсеци и геолошка пластика на клисурата. Тие се погодни за алпинизам и едукативни активности.

Во долината на Бошава се наоѓаат земјени столбови. На врвот на овие столбови се наоѓаат вулкански карпи. Во овој простор се наоѓа пештерата Бела Вода и Горен Змеовец. Тоа се куриозитетни вредности со изразити едукативни и културни карактеристики. Реката Вардар е доминантен хидрографски туристички ресурс. Во него се влеваат реките Бошава и Дошница. Посебна вредност имаат слаповите на Дошница и локалитетот Копришница, како и рибникот на оваа река.

Биодиверзитетот претставува вистинско богатство. Во долината на Иберлиската Река помеѓу селата Иберлија и Челевец се наоѓа специјален резерват на платанот (Platanusorientalis). Интересен е црниот орев кој вирее во овој простор. Посебна вредност има просторната целина на ендемските кактуси, единствен ваков комплекс во Република Македонија. Од животните посебно значење има заштитениот брадест жолтоглав орел (Gypaetusbarbatus) и други птици. Општината е карактеристична по присуство на ловен дивеч, а рибите се туристичка содржина на водените ресурси.

Виновата лоза е засадена на ниските ридести површини во долината на Вардар, на терасите и зарамнините и на ґрбетните делови од ваквите форми. Благите наклони и присојните експозиции се мошне застапени во овој простор. Ваквата конфигурација е идеална за одгледување на оваа култура. Посебно е важно да се констатира дека почвената основа е прекриена со соодветни типови какви што се: црвеницата, варовничко-карбонатните, песокливо-чакаливите и песочно глинестите почви. Почвените услови се во тесна врска со климатските карактеристики. Отсуството на врнежи и релативно високи температури се причина почвата да биде сува. Но, виновата лоза и во вакви услови успева да му даде автентичен печат на оваа општина. Од туристичка гледна точка, ваквите услови се одлична можност за презентација на користењето на хумусно-скудни почви во производството на грозје, што има ***едукативна вредност***. Самото одгледување на лозјето, ***кроењето, разретчувањето и берењето*** грозје се активности кои можат да бидат составен дел на активностите во рамките на винарските тури.

Планинскиот релјеф е погоден за трасирање ***планински и трим патеки***. Зарамнетите планински делови се погодни за уредување на ***излетнички*** локалитети и места за ***логорување*** во чии рамки виното и винските производи можат да бидат дел од содржината на другарувањето.

Највисоките и најмаркантните точки на планините Конечка (Серта), Мариовско-Мегленските Планини и планината Клепа се погодни места за ***видиковци***, од кои се протега панорамска глетка кон околниот простор и лозовите плантажи. Најпогодна локација за ваква намена е Краставец.

Демиркаписката Клисура како најголема и најимпресивна во Република Македонија треба да се оцени како посебен куриозитет. ***Набљудувањето на високите отсеци*** е туристичка активност која овозможува вистински восхит кон силата на природата. Овие отсеци се погодни за ***искачување*** и ***тренинг и спортски алпинистички активности***. Објаснувањата пак за начинот на настанок на клисурата има ***едукативна вредност.***

Посетата на земјените столбови во долината на реката Бошавица има едукативно значење и куриозитетна вредност. И во овој случај нагласена е природната реткост на селективната ерозија и вулканизмот. Овој феномен може да се оцени како ***културно и едукативно добро.*** Неговото уредување овозможува поврзување со винско туристичките содржини.

Крајбрежниот простор во долината на Вардар во Демир Капија е карактеристичен по алувијалните рамнини и речни тераси кои се простор на кој успешно вирее виновата лоза. Алувиумот има хумусни материи кои овозможуваат одгледување на земјоделски култури кои Треба да се искористат во гастрономската понуда заедно со грозјето и производите од него. Тоа се поволни локации за ***куќи за одмор и мали семејни вински подруми***.

Пештерата Бела Вода и Горен Змеовец можат да се оценат како основни ресурси на ***спелеолошкиот туризам*** во Демир Капија. Пештерата Бела Вода во валоризацискиот процес определена е како природна реткост, а Горен Змеовец за забележително вредна пештера. Пештерата Бела Вода се смета за најголема во Република Македонија. Должината на каналите изнесува 955 м. Може да се искористи за ***едукативни активности*** бидејќи пристапноста и е поволна.

Демир Капија етимолошки претставува железна врата. Ова име се однесува на историската улога што ја има во цивилизациски контекст. Но, исто така, Демир Капија треба да се оцени како простор на прелевање на медитеранската и континенталната клима. Тоа е еден од факторите да се одгледуваат најквалитетни сорти грозје и да се произведува најквалитетно вино. Самиот допир на различните климатски услови има ***промотивен туристички*** карактер. Поволните услови го развиваат ***пријатното чувство*** при одвивањето на винските и другите туристичките активности.

Реката Вардар може да се оцени како погоден простор за ***прошетки*** и ***одмор*** на нејзините брегови. Во водите на Вардар постои можност за ***регати, рафтинг и спортови на диви води.*** За спортови на диви води погоден е просторот на утоката на Човечка Река во Вардар. Во него се влеваат реките Бошавица и Дошница. Импресивните слапови се погодни за ***едукативни*** активности и ***восхитување*** на креативноста на природата. Во локалитетот Копришница постои можност за ***речен алпинизам*** како една од формите на ***адреналински активности.***

Поливалентна функционалност има комплексот Дошница со рибникот кој е основа на ***гастрономската*** понуда. Климатските услови и проветреноста на просторот отвора погодности за ***здравствен туризам.***

Развиениот биодиверзитет е основа за развој на ***еко-туристичките активности***. Долината на кактусите е погоден простор за ***едукативни и културни*** активности. Во оваа смисла се работи за несекојдневна можност да се посетат ***состоини на кактуси на отворено*** во овие географски широчини. Овој ретко атрактивен локалитет се наоѓа во село Клисура. Резерватот на платанот и ендемичниот црн орев се дел од туристичката понуда во рамките на еко-туризмот.

Појавата на жолтоклунестиот орел и различни ретки птици може да се оцени како можност за туристичка понуда од видот на ***набљудување на птици и лов со камера***. Богатството на ловна дивеч која е присутна во Повардарјето е основна вредност на ***ловниот туризам.*** Локалитетот Дрен може да се посочи како еден од погодните простори за ловно-туристички активности.

Богатството на различни видови риби ги определува реките Вардар, Дошница и Бошава претставува основа за ***риболовни активности***. Овие локалитети заедно со рибникот се дел од гастрономска понуда на ***риба и вино*** во рамките на комплементарната туристичка понуда.

Општината располага со извонредно богатство на етнографски вредности кои можат да се стават во функција на винскиот и руралниот туризам. Меѓутоа, културното наследство допира во далечно историско минато за што сведочат археолошките локалитети. Општината е богата со религиозни и јавни градби и со утврдени места кои се основа за развој на културниот туризам. во тој контекст исто така посебно место заземаат манифестациите, приредбите и фестивалите.

Индустриското наследство е во врска со развојот на винскиот туризам и постоењето на ексклузивни винарии. Во овој контекст исто така, како интегрална компонента треба да се прифатат манифестациите во врска со виното и посебно музејот на виното како институција од доминантен карактер.

## 5.1 СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Анализата на угостителските капацитети укажува дека се работи за скромни ресурси во кои учествуваат 1 хотел, 6 ресторани и гостилници, 1 кафе бар и дискотека. Пројавени се иницијативи за домашно сместување и за кампинг туристичка понуда. Тоа ќе придонесе општината да се збогати не само со сместувачки капацитети, туку и со интеграција на активности во природа и соодветно сместување. Во овој поглед посебно е важно третман да добијат винариите кои во мал обем би ја збогатиле понудата на ресторани и гостилници и како вид би се јавиле во форма на мали винарии во домашна режија. Успешен пример за поврзување на високите стандарди на винскиот туризам и хотелиерството претставува етаблираната винарија.

# 6. МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Општина Демир Капија има искуство во воспоставување и спроведување на меѓуопштинска соработка како на билатерално ниво со други општини така и на ниво на планскиот регион каде што се вклучени сите општини од Вардарскиот плански регион. Општина Демир Капија има воспоставено формална меѓуопштинска соработка за вршење на надлежностите во областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, локалниот економски развој (вклучително и развојот на туризмот), животната средина и енергетската ефикасност.

Соработката на Општина Демир Капија со другите општини од ВПР се реализира преку воспоставените три облици на МОС од Советот[4] на општината и тоа: заедничко работно тело и комисија, заедничко административно тело, како и вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Во процесот на воспоставување на погоренаведените облици на МОС, Општина Демир Капија има добиено стручна и финансиска помош од УНДП при што одредени државни службеници од општинската администрација имаат посетувано специјализирани обуки за концептот на меѓуопштинската соработка, како и за постапката за нејзино воспоставување.

Од добиените одговори од Прашалникот може да се дојде до општа оценка дека општината поефикасно и поекономично може да ја врши надлежноста во ЛЕР поточно во развивање на претприемништвото, развивање на туризмот и комуналните дејности/инфраструктура преку воспоставување на МОС. Освен за ЛЕР, Општината може и има потреба од развивање на МОС во делот на урбанистичко планирање и енергетска ефикасност.

Како потенцијални партнери за воспоставување на МОС во одредени надлежности, се наведуваат:

- за развивање на претприемништвото - сите општини од Вардарскиот плански регион;
- за развивање на туризмот - општините Велес, Градско, Кавадарци и Неготино, и
- за комуналните дејности/инфраструктура - општините Кавадарци и Неготино.

За развивање на претприемништвото, Општина Демир Капија како најсоодветен облик на МОС предлага формирање на заедничко административно тело, за развивање на туризмот предлага основање на заедничка јавна установа, додека за комуналните дејности/инфраструктура како најсоодветен облик на МОС се предлага формирање на заедничко работно тело и комисија.

Општината цени дека на ниво на Вардарскиот плански регион со вклучување на сите општини од регионот може да се воспостави меѓуопштинска соработка за развивање на претприемништвото и за развивање на туризмот и дека таа може да биде апликативна во подрачјата со специфични развојни потреби.

[4]Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Р.М“, бр. 79/09), Одлука за воспоставување МОС донесува секој од советите наопштините со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

За воспоставување на меѓуопштинска соработка во областите кои се предмет на оваа Стратегија, општината изразува потреба за дополнително финансиско поттикнување, како и стручна помош од релевантните чинители.

Како приоритетни проекти кои што општината треба да ги реализира во иднина се наведуваат: Етно Село Клисура, Акумулациона брана со хидроцентрала, примарен и секундарен водоснабдителен систем на река Дошница, Индустриска зона Корешница, како и Спортско рекреативниот локалитет Дошница.

За развој на туризмот, општина Демир Капија предлага формирање на заедничко меѓуопштинско одделение, како и поставување на туристички инфо точки - активност која што исто така може да се спроведе преку воспоставување на МОС со сите засегнати општини од Вардарскиот плански регион. Меѓутоа, изворните приходи не се доволни за финансирање за проекти од областа на ЛЕР за што се појавува потребата за изнаоѓање на други извори на финансирање или изнаоѓање на алтернативни начини на испорака на соодветни јавни услуги преку меѓуопштинска соработка.

Како заеднички проекти кои што може да го потпомогнат развојот на Вардарскиот плански регион Општина Демира Капија предлага: формирање на регионална депонија, основање на регионално туристичко биро, како и основање на регионален бизнис инкубатор.

## 6.1 МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА НА НИВО НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Меѓуопштинската соработка како алтернативен начин за спроведување на надлежностите на ЕЛС во рамките на Вардарскиот плански регион се користи од самиот почеток на процесот на децентрализација во Република Македонија. Уште поинтензивно, МОС почнува да се воспоставува и спроведува по донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка[5] во 2009 година.

Со финансиска и стручна помош обезбедена од страна на Министерството за локална самоуправа и меѓународните организации активни во Република Македонија (УНДП), на билатерално ниво со учество на две општини се воспоставија повеќе практики на МОС во областа на урбанистичкото планирање, даночното работење, заштита на животната средина и природата, внатрешната ревизија и др. Најчесто користени облици на МОС за заедничко спроведување на надлежностите се заеднички работни тела и комисии и договорните соработки при што се здружуваат финансиски, материјални и други средства или се испорачуваат услуги од страна на една општина за потребите на една или повеќе други општини. Мора да се наведе фактот дека во минатиот период општините од ВПР ги користеа така наречените полабави или помалку формализираните облици на МОС.

Согласно законските одредби, при воспоставувањето на МОС, активно учествувале советите и градоначалниците на општините кои воспоставиле соработка. Истовремено, освен во спроведувањето на МОС, општинската администрација директно учествувала во планирање и

[5](“Службен весник на Р.М“, бр. 79/09)

подготовка на потребните акти за воспоставување на МОС за што има посетувано и специјализирани обуки и работилници.

Во рамките на своите финансиски можности, одредени практики на МОС се кофинансирани од страна на општините вклучени во соработката и донаторите.

Од спроведената анализа на терен, може да се заклучи дека сите општини кои се опфатени со овој проект имаат воспоставено најмалку една меѓуопштинска соработка за што имаат одвојувано и финансиски средства од своите буџети.

Врз основа на генерираните финансиски и нефинансиски придобивки од користењето на МОС, општините од ВПР за прв пат во Македонија воспоставија МОС во енергетска ефикасност и ЛЕР на ниво на плански регион. Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на општините од Вардарскиот плански регион е лоцирано во општина Неготино[6] додека заедничкото работно тело – Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион е лоцирана во Велес.

Релевантно за оваа анализа/стратегија е постоењето на меѓуопштинската Мрежа за инклузивен развој на ВПР каде што освен претставниците на единиците на локална самоуправа членуваат и претставниците на невладиниот и приватниот сектор од ВПР како и на Центарот за развој на ВПР. Мрежата има вкупно 17 члена.

Мисијата на Мрежата е да се засили координацијата на програмирањето и спроведувањето на мерките и активностите за поддршка на јавниот, приватниот и невладиниот сектор во создавањето на услови за развој на силна и конкурентна економија на ВПР, економија која ќе понуди поголеми можности за вработување и истовремено ќе ги постигне социјалните и еколошките стандарди. Преку активностите на мрежата се очекува дека ќе се намали интензитетот и последиците од нагласената невработеност и миграциите како клучен социо-економски предизвик на регионот[7].

Во текот на 2013 година, Мрежата за инклузивен развој на ВПР донесе Програма за работа на Мрежата за периодот 2014-2016 година. Во рамки на своите три приоритетни мерки во областа на 26 колективни акции од кои голем број се однесуваат на развојот на претприемништвото и туризмот и како и подобрувањето на регионалната инфраструктура.

Податоците од терен покажуваат дека општините од ВПР имаат солидно искуство во воспоставување на и спроведување на МОС кое што е предуслов за понатамошно користење на оваа алатка во областа на ЛЕР и комуналните дејности особено за предложените проекти од страна на општините кои што ги надминуваат границите на една општина.

Специфично за областите ЛЕР и комуналните дејности може да се воспостават сите облици на МОС кои што и до сега се користени од страна на општините од ВПР при воспоставувањето на соработка во други надлежности на ЕЛС.

[6] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=71&Itemid=237&lang=mk
[7] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=70&Itemid=260&lang=mk

## 6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС)

МОС е воспоставена со сите 8 општини во Вардарскиот плански регион преку Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион .

Постојните форми на соработка на општината со другите општини се:

- Заедничко работно тело и комисија и
- Вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини

Се очекува поголема ефикасност во извршување на активностите преку воспоставување на МОС во областите:

- Претприемништвото – со сите општини од ВПР
- Развивање на туризмот со Велес, Градско, Кавадарци, Неготино
- Комуналните дејности/инфраструктура со Кавадарци и Неготино.

Најсоодветен начин за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите во областа на претприемништвото, туризмот и комуналните дејности во рамките МОС се предлагаат:

| Област на интервенција | Облик на меѓуопштинска соработка |
|---|---|
| **1. Развивање на претприемништвото** | ☒Заедничко административно тело |
| **2. Развивање на туризмот** | ☒ Заедничка јавна установа |
| **3. Комунални дејности/ инфраструктура** | ☒Заедничко работно тело и комисија |

## 6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

- Воспоставената Мрежа за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион (ВПР) да се искористи за анализа и предлагање на нови проекти за развој на претприемништвото, туризмот и комуналната инфраструктура;
- Постојните човечки капацитети на општините од ВПР да се искористат за подготовка на меѓуопштински проекти врз основа на претходно подготвена Процена за потреба од меѓуопштинска соработка;
- Развој на заеднички проекти за подобрување на енергетската ефикасност во регионот;
- Развој на заеднички проекти за креирање на интегрална туристичка понуда на ВПР;
- Развој на проект „ патот на виното“

- Развој на туристички инфо центри во регионот и вмрежување на туристичката понуда на општините на регионално ниво и со другите региони во Македонија и пошироко,
- Изградба и управување со Регионална депонија за отпад
- Регионален бизнис инкубатор

# 7. SWOT АНАЛИЗА НА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА, ТУРИЗМОТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

SWOT – анализите се добиени врз основа на утврдените ресурсни карактеристики за развој на туризмот и ставовите и мислењата на засегнатите страни во општината Демир Капија. Овие анализи ги опфаќаат следните подрачја:

- SWOT-анализа на просторната положба и поврзаност;

- SWOT-анализа на природните атрактивности;

- SWOT-анализа на културните атрактивности;

- SWOT - анализа на рецептивните вредности.

## 7.1 SWOT- анализа на географската положба и поврзаност

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Магистрала – во коридорот 10 | Одржување на високо ниво на квалитет на комуникациите |
| Железница | Недоволна искористеност на локалните патишта како основа за атрактивни содржини во алтернативните форми на туризам |
| Постоење на атрактивни ресурси непосредно до комуникациите | Слаб квалитет на железничката инфраструктура и сообраќајните средства |
| Патна сигнализација и обележување на атрактивностите | Слаба означеност на туристичките локалитети и местата за одмор со туристички содржини вдолж делницата на општината на коридорот 10 |
| Постоење на локации за информативни пунктови, сервисни услуги, логистика и туристичко-угостителски услуги | Нереализирани инфо-точки |
| Постоење на патна мрежа како основа за развој на алтернативни видови туризам | Слаба застапеност на комбинирани транзитни тури со содржини со кои располага контактниот простор |
| | Слаба сигнализација и обележување на атрактивностите |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| Висока фреквентност на транзитни патници и туристи<br>Вклучување во меѓународни кружни тури<br>Вклучување во системот на брзи пруги<br>Користење на искуства од општини со транзитни туристички карактеристики во Светот<br>Користење на меѓународни средства од пристапните фондови кон Европска Унија за унапредување на комуникациите<br>Почитување на меѓународните стандарди за патна сигнализација и обележување на атрактивностите<br>Користење на винските патишта | Недостаток на финансиски средства за тековно одржување на локалните патишта<br>Појава на проблеми сврзани со аплицирање и користење на финансиските средства за патна сигнализација |

## 7.2 SWOT- анализа на природните атрактивности

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Застапеност на геоморфолошки вредности кои се заштитени или се предложени за заштита<br>Хидрографски атрактивности (Вардар и Бошевица)<br>Заштитени или предложени зони за заштита со богат биодиверзитет<br>Солидна база за алтернативни видови туризам<br>Климатски и едавски услови за негување на винова лоза (широка застапеност на лозови насади)<br>Органско производство на храна<br>Вклученост во мрежа на вински патишта | Слаба уреденост и опременост на локалитетите<br>Слаба сигнализација<br>Отсуство на тури со хетерогени содржини<br>Нереализирани предлози за заштитени просторни целини<br>Слаба инвентивност и иницијативност на туристичките организации во креирањето на производи<br>Недоволна афирмација на природните атрактивности<br>Отсуство на уредени платоа за презентација на атрактивностите<br>Недоволно уредени брегови оспособени за развој на активности на вода<br>Слаба промоција на селективни видови туризам |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Користење на претпристапни фондови и фондови за развој<br>Користење на искуства од просторни целини во земјата и странство<br>Влегување во меѓународни мрежи за алтернативен туризам<br>Комбинирани селективни тури со природно наследство со соседни општини региони и земји | Слабо ниво на сознанија за природното богатство во општината кај туроператорите од странство за креирање тури со алтернативни карактеристики<br>Високи меѓународни стандарди за развој еко-туризам<br>Климатски промени (намалување на родот во земјоделието, посебно во лозарството) |

| | |
|---|---|
| Меѓународен проект за уредување на долината на Вардар<br>Вклучување во меѓународна мрежа на заштитени простори<br>Организирање на меѓународни натпревари за екстремни спортови | |

## 7.3 SWOT- анализа на културните атрактивности

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Исклучително значаен комплекс на тврдини во Демиркаписката клисура<br>Стопански капацитети со можности за вклучување на етнографски елементи и туристички посети<br>Активни манифестации со добри потенцијали за туризам<br>Формиран образовен центар за обуки во туризмот<br>Нов музејски центар | Лоша опременост на градбите и локалитетите за туристички посети<br>Слаба инфраструктурна поврзаност на некои од спомениците<br>Слаба искористеност на културното наследство за туристички посети<br>Слаба заинтересираност на стејкхолдерите за развој на културниот туризам<br>Слаба поврзаност на организацијата на манифестациите и туристичкиот бизнис |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Близина на значајни меѓународни патни правци<br>Инвестиции во капитални објекти во културата<br>Промотивни програми со културниот туризам во Македонија<br>Користење на домашни и меѓународни фондови за развој на културниот туризам<br>Вклучување на културното наследство во тематски патеки од национален и меѓународен карактер | Деградација на околината каде се лоцирани спомениците<br>Појави на нелегални ископувања и нелегална трговија со културно наследство<br>Недостаток на средства за конзервација и ревитализација на културното наследство<br>Слаба рентабилност на старите занаети |

## 7.4 SWOT - анализа на рецептивните вредности

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Постоење на сместувачки капацитети и капацитети за храна и пијалаци<br>Постоење на винарии<br>Запазени минималните материјални и технички услови<br>Хетерогена угостителска понуда | Недоволен број на капацитети за сместување<br>Отсуство на сместување во домаќинства<br>Недоволна искористеност на можните локации за угостителска намена<br>Слаба промотивна дејност<br>Слаб интерес кај земјоделците за развој на агро-туризам |

| | |
|---|---|
| | Отсуство на комбинирани тури поради слаба поврзаност на рецептивните капацитети со туристичките агенции |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Користење на транзитната фреквентност<br><br>Вклучување во меѓународни мрежи за рецептивен туризам<br><br>Користење на меѓународни средства од претпристапните фондови кон Европска Унија (на пример ИПАРД)<br><br>Меѓународни тенденции за користење на услуги во винскиот туризам<br><br>Користење на искуства од областа на рецептивата во земјата и странство | Економски и политички проблеми во земјата и опкружувањето<br><br>Појава на проблеми сврзани со аплицирање и користење на финансиските средства за рурален туризам и угостителство<br><br>Приспособување на високите меѓународни стандарди во угостителството<br><br>Слаб интерес на странските и домашните инвеститори за вложување во рецептивата |

## 7.5 SWOT-анализа на работна сила

| **ПРЕДНОСТИ** | **НЕДОСТАТОЦИ** |
|---|---|
| Постоење на одделение АВРМ<br><br>Одржува и стимулира соработка (работни средби, курсеви – ИТ, јазици)<br><br>Постоечка квалификувана работна сила<br><br>Со инвестициите во индустриската зона во Кавадарци се креираат нови работни места преку соработка | Недостаток на функционален и одржлив центар за до/преквалификација<br><br>Непостоење на банки |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Создавање на поголема можност за самовработување (преку проекти на влада)<br><br>Со проширување на производствени капацитети можност за креирање нови работни места<br><br>Слободни работни места во текстилната индустрија | Имиграција<br><br>Намален наталитет |

## 7.6 SWOT-анализа на инфраструктура и урбанизам

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Релативно добро развиена патна мрежа<br>Местоположбата на население места (компактност и близина до општинскиот центар од 7-8 км оддалеченост)<br>Изготвени и во фаза на изготвување на урбанистички планови за населените места<br>Локална урбанистичка планска документација<br>Постоење на Индустриска зона Попова кула со комплетна документација со пристап до линиска инфраструктура (17 плацови за фотоволтаици)<br>Железничка станица за превоз на патници и стока<br>Дом на култура | Недоволно развиена канализациона мрежа во руралните средини (50% нема покриеност)<br>Ограничен капацитет на селските водоводи за приклучување на индустриски капацитети<br>Потреба за реновирање на локалните асфалтни патишта<br>Недоволен капацитет на дел од улиците за акумулација на атмосферски води<br>Непостоење на Водовод за с.Клисура<br>Непостоење на градинка за с. Бистренци и с. Корешница<br>Недостаток на детски и спортски игралишта,<br>Непостоење на автобуска станица (редовни линии)<br>Ограничена носивост на мостот на река Бошавица<br>Непостоење на организиран превоз меѓу населените места<br>Слаб капацитет на локалните водоводи<br>Непостоење на банка |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Можности за развој на туризам<br>Можности за развој на претприемачки иницијативи и развој на МСП:<br>- Во нова индустриска зона „Куријте“<br>- Индустриска зоона „Попова кула„ | Честа промена на законската регулатива во областа на урбанистичко планирање<br>Миграција на населението |

# 8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 8.1 ВИЗИЈА

Демир Капија е општина препознатлива како еколошки чиста средина во која оптимално се користат обновливите извори на (ОИЕ) и со изградена инфраструктура и препознатлива туристичка дестинација за: вински туризам, гастрономски, еко-туризам, здравствен туризам, ловен и риболовен туризам, речен туризам, спеолошки, планински и рекреативен туризам.

## 8.2 МИСИЈА

Постигнувањето на целите определени во Визијата за идното економско позиционирање на Општина Демир Капија може да се постигне со реализација на следниве активности:

- Реконструкција и доизградба на комуналната инфраструктура - водоводна инфраструктура и одведување на фекалните води како и изградба на атмосферска канализација во градот и изградба на водоводна инфраструктура и одведување на фекалните води во селата;
- Реконструкција и доизградба на локалните патишта и сигналитика на туристичките локалитети;
- Поддршка и помош за развој на претприемачки иницијативи во делот на: земјоделието и винарството; туризмот и обновливите извори на енергија
- Промоција на Општината за целите на ЛЕР.

## 8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

За да се достигне посакуваната состојба преточена во визијата на оваа Стратегија, потребно е Општината Демир Капија прашањата од областа на локалниот економски развој да ги стави на листата на свои приоритети. При тоа, нејзината развојна стратегија треба и натаму да е партиципативна, проактивна и визионерска.

Во насока на постигнување на стратешката визија и во рамки на активностите зацртани во мисијата можат да се издиференцираат неколку основни правци на развој, односно стратешки цели како што се:

1. Намалување на невработеноста и на можностите за самовработување и поддршка на МСП при создавање на нови инвестиции и проширување на постоечките,
2. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните
3. Зголемување на економската активност преку развој на земјоделие и преработки на земјоделски производи и развој на туризмот.
4. Промоција на Општината за целите на ЛЕР

# 9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Предлог-проектите се изведени врз основа на ресурсните можности на просторот, изведените SWOT-анализи во кои посебно место заседоа проблемите во општината и можностите за разрешување и оптималните пристапи во одржливиот развој. Врз основа на тоа ги идентификувавме проектите според дефинирана приоритетна листа на стратешки цели:

Во функција на остварување на **Стратешката цел 1: Намалување на невработеноста и на можностите за самовработување и поддршка на МСП при создавање на нови инвестиции и проширување на постоечките**, предвидено е да се реализираат следниве проекти:

1.1 Создавање на база на податоци за пазарот, социо-економските карактеристики на општината и расположливите ресурси;
1.2 Иницијативи за отворање на банкарски експозитури
1.3 Со помош на невладиниот сектор организирање на обуки во делот на менаџментот и маркетингот како и комуникациски вештини на постојните и потенцијалните претприемачи како и на вработените во бизнис секторот ( МСП);
1.4 Посредување за отворање на канцеларии на подрачните министерства;
1.5 Организирање на информативни кампањи за можностите за самовработување, каде ќе се презентираат постојни и идни програми на Владата и нејзините агенции и тела;
1.6 Зајакнување на економијата на општина Демир Капија преку поддршка за отворање на социјални претпријатија (МИР)
1.7 Едукација на локалната администрација за поддршка на претприемништвото и МСП
1.8 Поддршка на женското претприемништво и вработување на младата популација

Во функција на остварување на **Стратешката цел 2. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните** предвидено е да се реализираат повеќе проекти од областа на комуналната и социјалната инфраструктура, како што се доизградба и реконструкција на системите за водоснабдување и канализација, уличното осветлување како и изградба на спортско рекреативни центри:

2.1 Интервеници во водоводната инфраструктура во градот и населените места, каде што не е извршена замена на азбестно- цементни цевки со нови полиуретански цевки со што ќе се решат истовремено два проблема – големите загуби на вода во секундарната мрежа и ќе се подобри квалитетот на водата за пиење, затоа што во градот главниот цевковод е заменет, останува само секундарната мрежа;
2.2 Искористување на водените ресурси на територијата на општината со изградба на акомулации и мали хидроцентрали. (Постои готова Физибилити студија за изградба на акумулациона брана на р. Дошница со мала хидроцентрала и секундарен водоснабдителен систем на река Дошница);

2.3 Изградба на системи за одведување на фекална вода во селата кои не се покриени со систем за канализација, освен Градот и селата Бистренци и Корешница;

2.4 Изградба на атмосферска канализација во градот;

2.5 Изградба на пречистителна станица за отпадни води која ќе ги собира отпадните води и пречистени ќе ги исфрла во реципиентот;

2.6 Реконструкција и одржување на улици во Демир Капија и населените места, како и локалните патишта, посебно на оние кои водат до населените места и рекреативните (туристички) локалитети и урбано уредување на населените места и туристичките ( ракреативни и археолошки) локалитети;

2.7 Изградба на спортско рекреативни локалитети;

2.8 Подобрување на условите за работа на институциите од јавен карактер во општината,

2.9 Реконструкција и модернизација на уличното осветлување во општината со примена на мерките за енергетска ефикасност.

Во функција на остварување на **Стратешката цел 3: Зголемување на економската активност преку развој на земјоделие и преработки на земјоделски производи и развој на туризмот и поддршка на инвестиции во земјоделството, фармерството и преработувачката индустрија** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

3.1 Да се воспостави систем на едукација и информирање на земјоделците и компаниите од земјоделската дејност за примена на добри земјоделски практики, добра хигиенска пракса и органско производство;

3.2 Подготовка на план за класификација на земјиштето и растенијата;

3.3 Оргнизирање и посета на земјоделски саеми;

3.4 Помош и поддршка за подготовка на проектни апликации за расположливите европски фондови (ИПАРД) и поддршка при изработка на документацијата во надлежност на општинската администрација;

3.5 Информативни кампањи за кредитирање во земјоделството;

3.6 Брендирање на специфични земјоделски производи (козјо сирење, маџун и црвен пипер)со ознаките: заштитена ознака на потекло (ЗОП), заштитена географска ознака (ЗГО), гарантиран традиционален специјалитет (ГТС) или колективна трговска марка (КТМ);

3.7 Уредување на клисурата за спортско – туристички активности и означување и отворање на планински и велосипедски патеки во соработка со Агенцијата за туризам на Република Македонија како и трасирање и обележување на уште 11 планинарски и велосипедски патеки;

3.8 Организирање и обележување на вински и еко-туристички патеки;

3.9 Обуки од неформално и формално образование од областа на туризмот и угостителството

3.10 Изградба и опремување на Етно село „Клисура„

3.11 Изградба на пристапен пат и сигналитика до рекреативните туристички атракции Горен и Долен Змејовец и Кинески колиби и археолошките локалитети.

3.12 Центар за промоција и продажба на традиционални производи

Во функција на остварување на **Стратешката цел 4: Промоција на Општината за целите на ЛЕР** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

4.1 Формирање на контакт точка во општината за потенцијалните домашни и странски инвеститори;
4.2 Подготовка на урбанистичка документација за нови индустриски зони на територијата на општината;
4.3 Изработка на Водич за инвестици (вклучувајќи ја и можноста за инвестиции во искористување на обновливите извори на енергија);
4.4 Обезбедување на информации до агенцијата за привлекување на странски инвестиции и економските промотори;
4.5 Поддршка и посредување за обезбедување на потребните дозволи за домашните и странските инвеститори

Како регионални проекти, кои можат да имаат импакт за побрз економски развој на општините од Вардарскиот плански регион а во кои може да се вклучи и Општина Демира Капија се:

5.1 Изградба на регионална депонија за отпад и чистење на дивите депонии кои создаваат грда слика и ги нарушуваат амбиенталните убавини во регионот;
5.2 Изградба на акумулација и ХМС на река Дошница од која ќе се наводнуваат плодните земјоделски површини на териториите на општините Демир Капија и Неготино;
5.3 Формирање на регионален бизнис инкубатор
5.4 Формирање на регионално туристичко биро кое ќе ги интегрира селективните туристички понуди на општините во ВПР во една интегрална понуда и ќе ги вмрежи во пошироката туристичка понуда на Република Македонија или во туристичка понуда на ниво на прекугранична соработка со општините во пограничниот појас.

Детален опис на проектите, временската рамка за нивна реализација, носителите на активностите, очекуваните резултати и други поединости се дадено во Акцискиот план што е составен дел од овој документ.

# 10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за локален економски развој на општина Демир Капија е со траење во период од 5 години (2015-2020 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи општина Демир Капија, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори во општината.

Стратегијата е резултат на спроведената анализа на примарните и секундарните податоци, резултатите од работните групи составени од претставници на јавниот, приватниот и невладиниот сектор и во неа се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во општината, нивните потреби и очекувања за поддршка и правците на локален економски развој, како и подготвеноста на општина Демир Капија да излезе во пресрет на нивните барања.

За успешна имплементација на оваа Стратегијата за локален економски развој на општина Демир Капија особено е важно да се обезбедат потребните ресурси, а пред се финансиски средства предвидени во Акцискиот и Финансискиот план. За таа цел, потребно е општината да ги планира средствата потребни за реализација на проектите од Акцискиот план во своите годишни буџети, со кои ќе се обезбедат потребните средства наменети за реализација на проектите.

Покрај финансиски средства, неопходно е да се зајакне капацитетот на општинската администрација за прашања од областа на мали и средни претпријатија и претприемништво, како со кадри кои ќе се бават исклучиво со оваа проблематика, така и со стекнување знаења и вештини од областа на раководење со проекти, Европски програми и фондови за МСП и претприемништво, и слично.

Општина Демир Капија, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акцискиот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на општината самостојно да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите чинители на локалниот економски развој во општина Демир Капија, а под координација на Секторот за локален економски развој и Секторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства од други извори (домашни и меѓународни организации, развојни агенции, европски и други фондови, и др.) за реализација на оваа Стратегија.

Веднаш по усвојувањето на оваа Стратегија потребно е Општина Демир Капија, заедно со останатите учесници во процесот, да пристапи кон подготовка на проектна документација за распишување на повици за изведувач за секој поединечен проект вграден во Акцискиот план.

Ревизија на Стратегијата ќе се прави од страна на Секторот за внатрешна ревизија, еднаш годишно за времетраењето на Стратегијата и на крајот од периодот за кој истата е изработена.

# 11. АКЦИСКИ ПЛАН

Акцискиот план е даден во предлог проектите посебно и кумулативно ги отсликува активностите што треба да ги презеде општината и засегнатите страни во секој проект во функција на реализацијата на целта на проектот. За секоја активност утврдени се релевантните носители, како и временската рамка кога таа треба да се реализира.

Во прилог е даден приоритетниот проект за развој на туризмот во општината, а останатите проекти можат да се разработуваат по аналогија на презентираната форма.

Во таа смисла, утврдени се временски и просторни рамки за спроведување на секоја активност на проектот посебно. Имплементацијата подразбира ангажирање на сите ресурси кои ги поседува општината во различни сегменти од областа на туризмот. Тие имаат синергиски карактер иако припаѓаат на различни ресори. Советот на општината преку свои органи и тела треба да ги контролира активностите кои се однесуваат на спроведувањето на зацртаните стратешки цели, активности, донесени мерки и инструменти за спроведување. Во поглед на корективните мерки во областа на туризмот значајни се пристапите што ќе ги има инспекцискиот надзор и посебно невладиниот сектор. Здруженијата од невладиниот сектор кои се занимаваат со туризмот може да бидат значаен чинител во корективните мерки, средствата за информирање и другите засегнати страни се од круцијална важност во овој поглед. Сплетот на мерки треба да се реализира континуирано, но на одредени квартални периоди треба да се направи пресек на реализацијата и доколку има отстапувања треба адекватно да се интервенира. Носител на оваа активност треба да биде Советот на општината и изворите на финансирање на проектот.